Врз основа на член 30 од Статутот на Средното училиште на Град Скопје "Лазар Танев" - Скопје, Училишната комисија за запишување на ученици во прва година на ден 05.05.2021 година, објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ УЧЕНИЦИ ВО I ГОДИНА
ВО УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА
(Пречистен текст)

Во учебната 2021/2022 година во Средно училиште на Град Скопје "Лазар Танев"- Скопје според плановите и програмите за угостителско-туристичката струка ќе се запишат 340 ученици распоредени во 10 паралелки ( 272 ученици во 8 паралелки со настава на македонски јазик и 68 ученици во 2 паралелки со настава на албански јазик) според наставните планови и програми за :

**Угостителско-туристичка струка - 306 ученици, 9 паралелки**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - хотелско-туристички техничар (македонско-француска билингвална паралелка) | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - хотелско-туристички техничар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - угостителски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - техничар за настани и анимации | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - готвач | мак | 102 уч. | 3 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| - келнер / слаткар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| - келнер / слаткар | алб | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |

**Хемиско-технолошка струка - 34 ученици, 1 паралелка**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - пекар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |

## УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И КРИТЕТИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ:

Запишувањето на учениците во училиштето во учебната 2021/2022 година ќе се врши под услови и на начин утврден со Законот за средно образование и Законот за стручно образование и обука и овој конкурс.

Наставата се изведува на македонски јазик и кирилското писмо.
За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, наставата во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната зедница.

**Условите за запишување на учениците се :**

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за еден од профилите во овој конкурс;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој конкурс;

**Критериуми за избор на ученици се:**

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката т.е. биологија и географија за угостителско-туристичка струка и хемија и математика за хемиско-технолошка струка);
- дипломи од освоени (I, II и III) места од мегународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје.
- средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение
- сите горенаведени критериуми минимум поени:
    - за хотелско-туристички техничар 45 поени
    - за угостителски техничар 45 поени
    - за техничар за настани и анимации 45 поени
    - за келнер/слаткар 30 поени
    - за готвач 30 поени
    - за пекар 30 поени

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

Бесплатниот превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование(струка) го има во општината односно регионот.

Доколку во училиштето се пријават поголем број од ученици од планираниот број со еднаков број поени, ќе се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од осмо и деветто одделение од предметите мајчин јазик и математика.

Утврдените дополнителни критериуми и определувањето на соодветни дипломи за запишување на учениците во прва година на образование во училиштето се применуваат во случаи кога во училиштето ќе се пријават поголем број на ученици кои ги исполнуваат предвидените услови од утврдениот број во објавениот Оглас за запишување на ученици во училиштето.

Во случаите од претходниот став, за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број утврден во објавениот Оглас за запишување на ученици во училиштето, се организира квалификационен испит на знаење, согласно закон.

Како соодветни дипломи за запишување на учениците во прва година на образование во училиштето се определуваат дипломи за освоено прво, второ и трето место на меѓународни натпревари, како и републички натпревари организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници за организирање натпревари од Министерство за образование и наука, по наставните предмети: мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката, односно изборното подрачје.

Бројот на поени за општиот успех од VI до IX одделение се добива кога средниот успех од VI, VII, VIII и IX одделение се собира, се дели со 4, а потоа се множи со коефициент 10. Ученикот може да добие најмногу 50 поени
За средниот успех постигнат по четирите наставни предмети (2 задолжителни за сите видови на образование и 2 предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени ( 5 поени за секој предмет).
За освоено место од мегународни и државни натпревари ученикот може да добие:

- за освоено место од мегународни натпревари- 5 поени,
- за освоено место од државни акредитирани натпревари 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место).

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмогу 5 поени (примерно поведение се вреднува со 5 поени , добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

Утврдениот број минимум поени за првото пријавување, се составен дел на овој Конкурс.

Училиштата по првото пријавување можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот, за најмногу до 10 поени.

Училиштата се должни со интерен оглас за второто пријавување односно третото пријавување да го истакнат утврдениот минимум поени со кои е можно учениците да конкурираат за запишување во определениот план и програма.

**Објавувањето на минимум поени треба да се изврши :**
-за второ пријавување на 21. Јуни 2021 година
-за трето пријавување на 25. Јуни 2021 година.

Учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија , а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.
Напомена: На пријавата за упис кандидатот задолжително да го напише и телефонот за контакт.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

При пријавувањето, учениците треба да ги поднесат следните документи:

- пријава за запишување (пријавата за запишување ја изготвува Министерство за образование и наука и ја објавува на официјалната веб страна)
- оригинални свидетелства од VI до IX оддление;
- дипломи, (доколку имаат) од освоени ( I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје
- извод од матична книга на родените (без оглед на датумот на издавање);

## КОНКУРСНИ РОКОВИ:

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во еден уписен рок со три пријавувања во месец јуни.
**Првото пријавување** и запишување на учениците се врши на 14 јуни 2021 година, во период од 12.00 до 19.00 часот, на 15 и 16 јуни 2021 година во период од 07:00 до 19:00 часот и на 17 јуни 2021 година во период од 07:00 до 15:00 часот согласно изготвен распоред од стана на училиштето:
* на 14 јуни 2021 година
- од 12:00 - 13:30 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д
- од 13:30 - 14:30 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј
- од 14:30 - 16:30 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите К, Л, Љ, М, Н, Њ, О
- од 16:30 - 18:30 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф
- од 18:30 - 19:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Х, Ц, Ч, Џ, Ш

* на 15 и 16 јуни 2021 година
- од 07:00 - 10:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д
- од 10:00 - 12:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј
- од 12:00 - 15:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите К, Л, Љ, М, Н, Њ, О
- од 15:00 - 18:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф
- од 18:00 - 19:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Х, Ц, Ч, Џ, Ш

* на 17 јуни 2021 година
- од 07:00 - 11:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, Л, Љ
- од 11:00 - 15:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите М, Н, Њ, О, П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф, Х, Ц, Ч, Џ, Ш

Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 17 јуни 2021 година во период од 16:00 часот до 19:00 часот.
Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 21 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 21 јуни 2021 година.

**Второто пријавување** и запишување на учениците ќе се врши на 23 и 24 јуни 2021 година, 07.00 до 19.00 часот и на 25 јуни 2021 година во период од 07:00 до 15:00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето:
* на 23 и 24 јуни 2021 година
- од 07:00 - 10:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д
- од 10:00 - 12:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј
- од 12:00 - 15:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите К, Л, Љ, М, Н, Њ, О
- од 15:00 - 18:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф
- од 18:00 - 19:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Х, Ц, Ч, Џ, Ш

* на 25 јуни 2021 година
- од 07:00 - 11:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, Л, Љ
- од 11:00 - 15:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите М, Н, Њ, О, П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф, Х, Ц, Ч, Џ, Ш

Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 25 јуни 2021 година во периодот од 16:00 до 19:00 часот.
Квалификационото тестирање за второто пријавување ќе се организира во училиштата за средно образование на 26 јуни 2021 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 26 јуни 2021 година.

**Третото пријавување** и запишување на учениците ќе се врши на 30 јуни 2021 година, 07.00 до 19.00 часот, согласно изготвен распоред од страна на училиштето:
* на 30 јуни 2021 година
- од 07:00 - 10:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите А, Б, В, Г, Д
- од 10:00 - 12:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј
- од 12:00 - 15:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите К, Л, Љ, М, Н, Њ, О
- од 15:00 - 18:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите П, Р, С, Т, Ќ, У, Ф
- од 18:00 - 19:00 часот прием на документи на презимиња кои започнуваат на буквите Х, Ц, Ч, Џ, Ш

Ранг листите со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 1 јули 2021 година.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок, на 23 август 2021 година за што доставуваат доказна документација.

Учениците и нивните родители/старатели имаат право на приговор, во рок од 24 часа по објавувањето на ранг листата, а Училишната комисија решава по поднесените приговори во рок од 24 часа по истакнувањето на ранг листата.

По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 48 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 48 часа.

УЧИЛИШНА КОМИСИЈА

Претседател,
Слаѓана Трпковска-Салтирова

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

- Пријавувањето по конкурсот се врши лично или од родител/старател. На пријавата задолжително да се напише телефонски број за контакт.

- Документите пристигнати по пошта нема да се разгледуваат.

- Учениците и нивните родители/старатели имаат право на приговор во рок од 24 часа по објавувањето на ранг листата

УЧИЛИШНА КОМИСИЈА

Слаѓана Трпковска-Салтирова